# ПОКАНА

Центарот за развој на Источниот плански регион во рамките на проектот "Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој“ кој го реализираат Министерството за локална самоуправа, Швајцарската агенција за развој и соработка и Бирото за регионален развој во соработка со Центарот за развој на Источниот регион, почнува со реализација на новиот циклус на  Регионални форуми.

Ни претставува посебна чест и задоволство да ве поканиме да учествувате на првата форумска сесија која ќе се одржи на **06.12.2023 година со почеток од 10:30 часот, Хотел „Изгрев“, во Штип.**

На предвидените форумски сесии ќе се дискутира за приоритетни проблеми во рамки на стратешките области за развој кои го засегаат регионот и од кои ќе произлезат проектни идеи/концепти за предлог проекти. Од овие концепти за предлог проекти учесниците на форумот ќе ги изберат најприоритетните кои ќе конкурираат за реализација од фондови обезбедени во рамки на програмата за проекти финансирани од МЛС/БРР.

На **првата форумска сесија** учесниците ќе имаат можност да се запознаат со форумскиот процес и да дискутираат за приоритетните проблеми поврзани со стратешките области за развој со кои се соочува планскиот регион.

Вашето присуство и активно учество ќе биде од особено значење и ќе придонесе за успешна реализација на регионалниот форумски процес и подобрување на животот во регионот.

Прилог: Дневен ред

Со почит,

Центар за развој на источен плански регион

Директор

Зујица Ангелова